# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 5 Година II 29.05.2009



## ЗАЕДНО ЗА **ЧИСТО И ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ**

## СКОПСКИ МАРАТОН 2009

## ТУМБА МАЏАРИ – ДОМОТ НА ГОЛЕМАТА МАЈКА

„СКОПЈЕ“

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

Излегува секоја трета среда во месецот

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Заменик уредник**
Љупчо Пандиловски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Ангелика Димовска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил-адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани



*Почитувани сограѓани,*

На почеток сме на нов четиригодишен пат, на стартот на мојот четиригодишен мандат како градоначалник на Град Скопје во кој вредно ќе работам за да ја потврдам довербата што ја добив токму од Вас, на локалните избори. Очекувам заедно да ја градиме иднината на нашиот град, да ги почитуваме и негуваме вредностите создадени во минатото, да чекориме во сегашноста и да работиме за иднината.

Мојата визија за Скопје е реална. Таа се темели врз реални согледувања и врз многу конструктивни разговори.

Најпрво се мобилизираме да го исчистиме градот од сметот, од дивите депонии и од високите треви. Ги мобилизираме сите граѓани нашите акции за чистење на Скопје да ги прифатат како свои и активно да придонесат за почиста и поздрава животна средина во која сите ние живееме и твориме. Скопје е нашиот град, а наша е и обврската да го чуваме и да ја одржуваме хигиената. Во таа насока, уште веднаш се ангажиравме во акцијата „Заедно за чисто и зелено Скопје“ во која ќе ги исчистиме сите десет скопски општини, а преку непосредни контакти со граѓаните ќе ја пренесеме идејата за почиста средина која треба да биде императив за секој наш сограѓанин.

Приоритет ќе биде и растоварувањето на сообраќајниот метеж и изработката на нови сообраќајни решенија кои ќе им помогнат на граѓаните побрзо да стигнуваат до саканите дестинации.

Веќе ги разгледуваме сите почнати проекти во градот, а сите зафати кои се од интерес и корист на граѓаните на Скопје ќе бидат продолжени и завршени. За навреме да се завршуваат преземените обврски потребно е да се одржи и финансиската стабилност на Градот Скопје и да се обезбедат дополнителни извори на приходи. Неопходно ќе биде да се направи и ребаланс на Буџетот на Градот Скопје за 2009 година за да се издвојат приоритетите и да се одржи позитивниот кредитен рејтинг на Градот.

Нашата цел е да поставиме сериозна, посветена и исполнителна градска администрација, која ќе го започне и ќе го реализира ветеното, но истовремено да воспоставиме слух за сите креативни идеи и потреби на скопјани.

Градот мора да го вратиме на граѓаните на Скопје и да го направиме достоинствено место за живеење. Да го извлечеме градот од позицијата на немоќна градска администрација и да ги направиме неговите служби ефикасен и навремен сервис за потребите на граѓаните. Скопје треба да го издигнеме во град, кој ќе живее и ќе се развива како вистинска метропола, негувајќи ги сите културни, образовни, спортски и урбанистички придобивки на современото време - со еден збор, сите цивилизациски придобивки, кои го градат ликот и идентитетот на градот Скопје.

Преку модернизирање на училиштата и обезбедување настава по највисоки стандарди ќе го вратиме достоинството на наставниците, професорите, учениците и студентите. Мора да одиме во чекор со најновите технолошки достигнувања.

Мора заедно да ги издигнеме културните вредности и нашето природно наследство со кое навистина можеме да бидеме горди и достоинствено претставени, секаде во светот.

Мора да научиме да го чуваме и да го негуваме она што ни го оставиле нашите предци кон кои имаме долг, но и да градиме и да оставиме запис од нашата работа и живеење за идните поколенија и генерации.

*Со почит,*
*Коце Трајановски*

*Градот Скопје се мобилизира за почиста животна средина*

# ПОЧНА ГОЛЕМАТА АКЦИЈА **ЗА ЧИСТЕЊЕ НА СКОПЈЕ**



Големата акција за чистење на Скопје под мотото „Заедно за чисто и зелено Скопје" почна на 11 мај од населбата Автокоманда. Екипите на јавните градски претпријатија „Комунална хигиена", „Паркови и зеленило" и „Водовод и канализација" ги расчистуваа дивите депонии, ја косеа тревата, ги кастреа крошните на дрвјата, ги метеа и миеја улиците и ги расчистуваа сливниците. Во акцијата се вклучија и месните заедници, учениците од основните и средните училишта и жители на Автокоманда. Почетокот на акцијата го означи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Досега, акцијата за почисто Скопје е реализирана во општините: Гази Баба, Центар, Чаир, Ѓорче Петров и Карпош.

*- Градот Скопје денеска почнува голема акција за чистење на Скопје која ќе се спроведува во соработка со десетте скопски општини. На иницијатива на градоначалникот на општината Гази Баба, Тони Трајковски, акцијата почнува токму од оваа општина, од населбата Автокоманда. Таа ќе трае три дена, а потоа продолжуваме во општината Центар. Во акцијата се вклучија јавните градски претпријатија кои ангажираа доволен број работници за да се исчистат јавните површини во градот. Нашата цел е да го исчистиме Скопје, но и да ја подигнеме свеста на граѓаните да ја чуваат и да се грижат за средината во која живеат. Нашата намера е граѓаните да ја почувствуваат оваа акција како своја и активно да придонесат за почиста и поздрава животна средина – рече градоначалникот Трајановски, на почетокот на акцијата.*





***Акцијата за чистење на Скопје ќе трае до 13 јуни, а ќе се одвива според следниот распоред:***

| | |
|---|---|
| Општина **АЕРОДРОМ** | - 28, 29, 30 мај |
| Општина **БУТЕЛ** | - 01, 02 , 03 јуни |
| Општина **КИСЕЛА ВОДА** | - 08, 09, 10 јуни |
| Општина **ШУТО ОРИЗАРИ** | - 11, 12 , 13 јуни |

*Скопје беше домаќин на традиционалната спортска манифестација*

# МАРАТОНЦИТЕ СРЕТЕН НИНКОВИЌ И МАРИЈА ВРАЈИЌ **ПОБЕДНИЦИ НА СКОПСКИ МАРАТОН 2009**

***Во организацијата на Скопскиот маратон беа вклучени околу 100 лица во техничката организација, 250 волонтери и 200 припадници на МВР. По должина на целата патека беа распоредени 9 освежителни станици со вода и четири медицински екипи. Во трките учествуваа околу 1000 тркачи.***



Сретен Нинковиќ од Србија во машка и Марија Врајиќ од Хрватска во женска конкуренција се победниците на традиционалниот Скопски маратон 2009 кој во неделата, на 10 мај се трчаше на градските улици. Во рамките на меѓународната спортска манифестација се одржаа четири трки: маратон (42,195 км), полумаратон (21,097 км), трка на 5000 метри и трка на 2000 метри за ученици од основните училишта. Во категоријата полумаратон првото место во машка конкуренција му припадна на Христијан Стошиќ од Србија, а од жените на целта прва стигна нашата Марија Богдановска. Во трката на 5000 метри кај мажите победи Меритон Хасанај од Косово, а кај жените – Симона Трајановска од Македонија.

Во Скопски маратон 2009 учествуваа околу 1000 натпреварувачи од Македонија, Соединетите американски држави, Србија, Франција, Португалија, Хрватска, Бугарија, Унгарија и од Црна Гора. Во трката на 5000 метри учествуваа и градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, евроамбасадорот Ерван Фуере, амбасадорката на Кралството Холандија во нашата земја, Симоне Филипини, како и директорот на Агенцијата за млади и спорт, Драган Ѓурчевски.



- Градот Скопје ќе се бори маратонот да стане дел од нашата традиција, бренд-трка на главниот град на Република Македонија, препознатлива по масовноста, квалитетот, дружењето, забавата, спортскиот дух, но и по нашата способност да организираме маратон кој ќе стои рамо до рамо со најпознатите европски и светски маратони. Оваа трка само покажа дека Скопскиот маратон и Скопје како домаќин веќе можат да бидат горди на фактот што оваа трка е дел од календарот на Европската атлетска федерација и на Меѓународната асоцијација на атлетски Федерации.

- Скопје денеска спортски празнуваше одбележувајќи го Денот на Европа, но и денот во кој се одржаа двата најголеми спортски настани годинава, Скопскиот Маратон и Меѓународната ридско-брзинска трка во автомобилизам „Награда на Скопје“. Честитки за победниците, кои демонстрираа професионализам, издржливост и витештво, особини кои се толку препознатливи во најтешката атлетска дисциплина, а и во спортот воопшто - рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски кој на 10 мај ги додели медалите на најдобрите маратонци.

Сите трки на „Скопски маратон 2009“ се одвиваа на улиците на Скопје, а во рок од



5 часа сообраќајниот режим во градот беше променет. Некои улици беа целосно, а некои делумно затворени за сообраќај. Променети беа и линиите на јавниот градски превоз.

Стартот на сите четири трки беше на улицата Димитрие Чуповски, кај “Рекорд”, а целта на сите трки беше на плоштадот „Македонија“. Маратонската трка се трчаше два круга од по 21 км, додека полумаратонот се трчаше еден круг.

Во организацијата на Скопскиот маратон беа вклучени околу 100 лица во техничката организација, 250 волонтери и 200 припадници на МВР - СВР Скопје и на Сообраќајната полиција.

По должина на целата патека беа распоредени 9 освежителни станици со вода и четири медицински екипи.

Најдобрите петмина во маратонската трка во машка и во женска конкуренција добија парични награди, а сите што го завршија маратонот и полумаратонот добија медал. Стокови награди беа предвидени за најдобрите во рекреативната трка на 5000 метри, додека трката за основните училишта немаше натпреварувачки карактер. Вкупниот фонд на парични награди на „Скопски маратон 2009“ изнесуваше 10.000 евра.

Скопскиот маратон е меѓународен и се наоѓа во календарот на Европската атлетска федерација (ЕАА) и Меѓународната асоцијација на атлетски федерации (ИААФ). Во април, патеката на маратонот беше измерена од овластено лице од ИААФ за мерење на маратонски патеки, господинот Раинер Сус, со што Скопскиот маратон се здоби со меѓународен сертификат за патеката и стана член на Асоцијацијата на меѓународни маратони (АИМС).

Скопскиот маратон го организираат Сојузот на спортови на Скопје, Атлетската федерација на Македонија, Македонскиот олимписки комитет и Атлетскиот клуб “Работнички”. Покровители на Скопскиот маратон се Град Скопје, Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија и Мисијата на Европската унија. Првиот Скопски маратон се одржал во 1997 година. Наредната година имало уште едно издание на манифестацијата, а потоа била прекината оваа традиција. Во 2007 година по иницијатива на Град Скопје и на евроамбасадорот во Македонија, господинот Ерван Фуере, се организира полумаратонска трка на 21 километар. По успешната организација на овој настан и по големиот одзив, организаторите одлучија во 2008 година да се обнови Скопскиот маратон, и да се случува традиционално, секоја година.



## ИЗЈАВИЈА

„Со одржувањето на Скопскиот маратон, кој станува традиција во нашата метропола се популаризира физичката активност, наспроти новиот и брз начин на живеење кој бара од секој од нас поголема физичка издржливост. Неговата масовност и прифатеност, на мое задоволство, е доказ за се поголемата потреба од менување на стилот на живеење на жителите на нашиот град, да спортуваат и да се рекреираат.

Спортот е и основа за правилен развој на младите, што претставува и наша заложба, преку спортските активности да ги оттргнеме младите генерации од пороците на денешницата...“, **Коце Трајановски, градоначалник на Град Скопје.**

„Водејќи грижа за развојот и популаризацијата на спортот, Владата на Република Македонија и Агенцијата за млади и спорт настојуваат да се приближат до современите светски теркови за унапредување на спортот во државата. Скопскиот маратон и официјално стана бренд во светски размери со самиот влез во АИМС (Асоцијацијата на меѓународни маратони). Со оваа манифестација ја одржуваме праксата и кај нас да се одржуваат големи и масовни спортски настани од ваков тип во кои учество земаат од најмлади до најстари. Но, не застануваме овде, продолжуваме со проектите што Агенцијата за млади и спорт ги има зацртано да ги реализира во наредниот период и да го доближи што поблиску спортот до граѓаните на Македонија. Нека оваа спортска манифестација донесе што поголема спортска масовност, фер плеј и дружење ...“, **Драган Ѓурчевски, директор на Агенцијата за млади и спорт.**

„Постојат многу причини поради кои луѓето трчаат – заради вежбање и за да го надминат стресот, за да се чувствуваат добро и здраво, за да надминат некоја болест или за да си докажат нешто на себе си. Но, која и да е причината, крајниот резултат секогаш е позитивен – добро е за расположението, за духот и за телото. Трчањето ги зближува луѓето без разлика на нивната раса, етничка припадност, потеклото или возраста. Скопскиот маратон е спортска манифестација за која се надеваме дека ќе продолжи да привлекува што е можно повеќе луѓе од цела Европа. За првпат Скопскиот маратон е вклучен во Асоцијацијата на меѓународни маратони, ставајќи го Скопје на тркачката мапа на Европа.

Запомнете, важно е да се учествува и да се стигне на целта на нозе и со насмевка на лицето!“ , **Ерван Фуере, евроамбасадор.**

*Европска градска повелба*

# ПОДОБАР ЖИВОТ ВО ГРАДОВИТЕ

Европската градска повелба усвоена на 18 март 1992 година од Конгресот на регионални и локални власти на Советот на Европа претставува практичен водич за добро управување со градовите, притоа дефинирајќи ги правата на граѓаните во европските градови. „Европската градска повелба" е посветена на развојот и концептот на градот во Европа, како и со елементите на градскиот живот (локална демократија, урбана политика, соработка меѓу градовите, правата во градовите). Во повелбата детално се разработени принципите на кои треба да се базираат сите поединечни аспекти од градскиот живот, а тоа се: транспортот и движењето, животната средина и природата во градовите, обликувањето на визуелниот изглед на градот, градското архитектонско наследство, изградбата на станови, градската безбедност и превенцијата на криминалот, спортот и рекреацијата, културата, загрозените и хендикепираните лица, здравството, мултикултурната интеграција, урбанистичкото планирање, граѓанската партиципација и економскиот развој во градовите. Со тоа, повелбата идентификува одреден број универзални основни принципи кои лесно може да се применат од страна на Европските земји, чии градови се соочуваат со слични проблеми по природа и по обем.

Повелбата се раководи од уверувањето дека граѓаните имат основни градски права: право на заштита од агресија, од загадување, од непријатна и вознемирувачка градска околина, право на спроведување на демократска контрола на својата локална заедница, право на пристоен станбен простор, здравје, културни можности и движење. Во тој контекст, Повелбата инсистира на тоа таквите права да се применуваат на сите жители на градот, без дискриминација во поглед на полот, возраста, потеклото, расата, верата, социјално-економската или политичката положба, физичкиот или психичкиот недостаток. Една од одговорностите на локалните и регионалните управи е да ги заштитат правата на граѓаните преку развој на соодветни стратегии.

Обединувајќи ги во еден текст низата принципи за добра градска управа на локално ниво, целта на повелбата е да обезбеди практичен алат и прирачник за градската управа за локалните власти.

Европската градска повелба е резултат на работата на Советот на Европа за урбана политика инспирирана од Европската кампања за градска обнова во периодот од 1980 до 1982 година. Оваа кампања, која беше одраз на мислењето на градските власти и населението низ Европа за одредени клучни точки за унапредувањето на животот во метрополите, беше фокусирана на четири главни општи области: подобрување на физичкото градско окружување, обновување на постоечкиот станбен фонд, креирање на општествени и културни можности во градовите и развој на заедницата и учество на јавноста. Слоганот на кампањата беше „Подобар живот во градовите".

## ШТО ПЕЧАТИ ПЕЧАТОТ

*Дневник 14 април 2009 година*

# ТРАЈАНОВСКИ И ОФИЦИЈАЛНО ГРАДОНАЧАЛНИК



Новиот градоначалник на Скопје вчера и официјално ја презеде функцијата од својот претходник Трифун Костовски. - Нема успешен градоначалник без ефикасна администрација и јавни претпријатија. На секој што професионално си ја извршува работата ќе му биде овозможено да се усоврши и да придонесе во функционирањето на Градот - изјави Трајановски на свеченото примопредавање.

Тој им го честита мандатот на новите советници, им посака успешна работа и им порача дека со него ќе имаат конструктивна соработка.

На преземањето на новата функција, покрај довчерашниот градоначалник Костовски, присуствуваа членовите на стариот и на новиот совет на Град Скопје, генерални директори на јавните претпријатија, директори на културни институции, како и претставници од синдикатите на јавните претпријатија на Скопје.

*Вечер 14 април 2009 година*

# КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ И ОФИЦИЈАЛНО СТАНА ГРАДСКИ ТАТКО

***Официјално примопредадена функцијата градоначалник на Град Скопје***

...Точно на пладне, Трајановски ја прими престижната функција градоначалник по само петнаесетина минути разговор во градоначалничкиот кабинет со неговиот претходник, а потоа и со церемонија во Советот на Град Скопје на која присуствуваа членови на стариот и новиот Совет, генералните директори на јавните претпријатија, директорите на културните институции и на средните училишта, претставниците на синдикалните организации, вработените во градското собрание и голем број гости. Костовски, ним им се заблагодари на добрата соработка, а на новиот градоначалник му посака успешна работа во следните четири години. Коце Трајановски се заблагодари, на како што рече, добро организираната свеченост и им го честита мандатот на новите Советници.

- Се надеваме дека ќе имаме добра соработка во следниот период бидејќи заеднички треба да ја продолжиме борбата за повеќе ингеренции, за пого-

*Конституиран новиот Совет на Град Скопје*

# **ИРЕНА МИШЕВА** ИЗБРАНА ЗА **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ**



Новиот состав на Советот на Град Скопје на 24.04.2009 година ја одржа првата конститутивна седница. На седницата беа верификувани мандатите на 43 члена на Советот, а на двајцата члена, поради оправдано отсуство, мандатите ќе им бидат верификувани на првата наредна седница на која ќе присуствуваат. За нов претседател на Советот на Град Скопје е избрана Ирена Мишева, од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „За подобра Македонија“.

Упатувам голема благодарност до граѓаните на нашиот град, од сите десет општини за дадената поддршка, а и Вам, колеги советници, за укажаната доверба. Се надевам дека овој Совет успешно ќе работи за интересите на нашите сограѓани - изјави Ирена Мишева, по изборот за претседател на Советот на Град Скопје.

Пред новиот состав на Советот на Град Скопје се обрати и градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

- На новите советници во Советот и на новоизбраната претседателка Ирена Мишева им го честитам изборот. Многу сум задоволен од успешното конституирање на Советот на Град Скопје. Сега пред нас се отвора задачата одговорно да работиме за да ја оправдаме довербата на граѓаните и да ги надминуваме несогласувањата преку конструктивна работа во Советот и во комисиите – истакна градоначалникот Трајановски, на конститутивната седница.





*Утрински весник 14 април 2009 г.*

## ТРАЈАНОВСКИ ЌЕ СЕ БОРИ ЗА ПОГОЛЕМИ ИНГЕРЕНЦИИ И ЗА ПОВЕЌЕ СРЕДСТВА

***Коце Трајановски официјално градоначалник***

Коце Трајановски седна на градоначалничката фотелја во Градот Скопје. Неговиот претходник Трифун Костовски вчера свечено го пречека во присуство на поранешните и новите советници, директорите на јавните претпријатија и културните институции и со целата градска администрација.

...Трајановски изненаден од начинот на кој е пречекан му заблагодари на Костовски за сите проекти кои ги реализирал досега и се заложи за конструктивна соработка со новиот Совет.

„Ни останува да се бориме за поголеми ингеренции и за повеќе средства за да направиме Скопје да биде подобро место за живеење“, истакна Трајановски, оценувајќи го досегашниот процес на децентрализација како успешен, но недоволен за вистински развој. (С.Н.)

лема финансиска независност на локалната самоуправа. На секој што професионално си ја извршува работата ќе му биде овозможено да се усоврши и да придонесе во подоброто функционирање на Градот Скопје, рече тој потенцирајќи дека смета на добра соработка и со администрацијата.

Елизабета АРСОСКА

СОВЕТ

## СПИСОК НА ЧЛЕНОВИ НА **СОВЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ**, 2009 - 2013

1. Азизи Хидајете
2. Андреевски Јосиф
3. Арсовски Петре
4. Бајрактар Ѓонул
5. Берат Али
6. Бичиклиски Александар
7. Близнаковски Слободан
8. Велковски Никола
9. Виларовски Игнат
10. Георгиевски Борче
11. Гиевски Игор
12. Давчевски Драги
13. Додовски Марјан
14. Ѓуревски Тони
15. Иљоска Снежана
16. Јаковлевски Силјан
17. Јоксимовиќ Ненад
18. Караѓозоска Даниела
19. Качар Енвер
20. Куновска Софија
21. Лимани Раим
22. Марјановиќ Ѓорѓе
23. Мишева Ирена
24. Муслиу Ќемал
25. Наумовски Александар
26. Новотни Антони
27. Орана Идриз
28. Палоши Халиде
29. Паунов Горанчо
30. Попеска Жанета
31. Поповски Владо
32. Раниќ Перивоје
33. Савов Ѓорги
34. Саздова Дафинка
35. Симиќ Виолета
36. Славеска Драгица
37. Соколов Русе
38. Стефаноски Сашо
39. Стојановска Анета
40. Столеска Мара
41. Реџепова – Теодосиевска Есма
42. Угриновски Слободан
43. Фазлиу Беким
44. Хаскај Аделина
45. Шапуриќ Зоран

## МАГИСТРАЛНИ И СОБИРНИ УЛИЦИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

Булевари:

АСНОМ, Србија, Никола Карев, Гоце Делчев, Македонија, Кочо Рацин, Крсте Мисирков, Свети Климент Охридски, Илинден, 8-ми Септември, Македонска војска, Александар Македонски, Војводина, Македонско-косовска бригада, Хрватска, Словенија, Пролетна офанзива, Крушевска република, Цветан Димов, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Христијан Тодоровски Карпош, Водњанска, Јане Сандански, 3 Македонска бригада, 12 Македонска бригада, Видое Смилевски Бато, Февруарски поход, Партизански одреди, Кузман Јосифовски Питу и ВМРО.

Улици:

Методија Андонов Ченто, Сарај, 15 Корпус, Огњан Прица (Антон Попов), Фрањо Клуз, Никола Карев (кај Новата железничка станица), Димо Хаџи Димов, Бихаќска, Востаничка, Христо Татарчев, Народни херои, Првомајска, Самоилова, Лазар Личеноски, Димитрија Чуповски, Мито Хаџивасилев Јасмин, 11 Октомври, Железничка, Народен Фронт, Салвадор Аљенде, Загребска, Коце Металец, 16 Македонска бригада, Димитар Влахов, Благоја Стефковски, Маџари, Шуто Оризари, Џон Кенеди, 2 Македонска бригада, Ферид Бајрам, Кемал Сејфула, Александар Урдаревски, Бутелска, Радишанска, Франклин Рузвелт, Скупи, Никола Парапунов, Московска, Јуриј Гагарин, Козле, Перо Наков, Брадфордска, Ѓорче Петров, Лука Геров, Михаил Чаков, Васко Карангелевски, Прохор Пчински, Серава, Лазар Трповски, Митрополит Теодосиј Гологанов, Маршал Тито, Даме Груев, Војвода Васил Аџиларски, Стив Наумов, Беласица, Васил Главинов, Ацо Шопов, Белградска, Интернационални бригади, Боца Иванова, Алексо Демниевски, 4 Јули, Сремски фронт, Лепенец, Тиранска, Борис Кидрич, Адолф Циборовски, Марко Орешковиќ, Цетинска, Катлановска, Бардовци, Индустриска 1, Индустриска 2, Димитар Митрев, 897, Свети Прохор Пчински, Романија, Јужна обиколница Водно, Љубљанска, Инџиковски пат (дел од улицата С. Михајлов), Веле Марков, Железарска, Пере Тошев, Волково и Кружна Гази Баба.



## МАТУРСКА ПАРАДА НА ПЛОШТАДОТ „ПЕЛА“

Околу илјада матуранти од скопските средни училишта на 15 мај на плоштадот „Пела“ танцуваа „квадрил“ и ја поддржаа манифестацијата која по трет пат се случува под покровителство на Град Скопје. Меѓународната манифестација со наслов „Матурска парада“ ја поддржа Канцеларијата на специјалниот претставник на ЕУ во Република Македонија, а ја организираа Дирекцијата за култура и уметност на Скопје и Танцовиот клуб „Ритам плус“.

„Матурската парада“ почна со дефиле на матурантите од Музејот на град Скопје по улицата „Македонија“ до плоштадот „Пела“. Танцот квадрил почна точно во 12 часот, во истовреме со матурантите во другите земји учеснички во оваа меѓународна манифестација.

Во „Матурската парада“ учествуво земаа матурантите од 15 училишта на Град Скопје: „Раде Јовчевски-Корчагин“, „Никола Карев“, „Јосип Броз Тито“, „Кочо Рацин“, „Браќа Миладиновци“, „Георги Димитров“, „Д-р Панче Караѓозов“, „Васил Антевски-Дрен“, „Арсени Јовков“, „Цветан Димов“, „Лазар Танев“, „Марија Кири-Склодовска“, „Владо Тасевски“, „Димитар Влахов“ и „Орце Николов“.

Заедно со скопските матуранти, танцуваа и матурантите од Охрид, Велес, Струмица, Радовиш и Валандово.

## МАНИФЕСТАЦИЈАТА „САКУРА“ ГО СЛАВЕШЕ ЦВЕТАЊЕТО НА ЦРЕШАТА





Под покровителство на Град Скопје, а во организација на Центарот за јапонски боречки вештини „ЈКА Самурај Доџо“, на улицата Максим Горки минатиот месец по трет пат се одржа манифестацијата „Сакура“ – јапонскиот национален празник кој го прославува цветањето на црешата.

Во прекрасен амбиент, низ звуците на јапонската традиционална музика, под расцветаните крошни на црешите на улицата Максим Горки, стотици посетители имаа можност да погледнат презентација на јапонски боречки вештини од страна на неколку клубови од Скопје и од Република Македонија, и тоа кендо, иаидо, карате и џу-џицу.

Како дел од манифестацијата „Сакура“ се пишуваа и калиграфии и се изработуваа оригами.

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ТРАЈАНОВСКИ ОСТВАРИ СРЕДБИ СО ПОВЕЌЕ СТРАНСКИ АМБАСАДОРИ


амбасадорот на Република Франција, **Бернар Валеро**


амбасадорот на Република Турција, **Арслан Хакан Окчал**


амбасадорот на Руската федерација, **Владимир Солоцинскиј**

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски од преземањето на градоначалничката функција оствари повеќе средби со странските амбасадори во нашата земја. Во официјална посета на Трајановски дојдоа амбасадорката на Кралството Холандија во Република Македонија, Симоне Филипини, амбасадорот на Република Бугарија, Михо Михов, амбасадорот на Руската федерација, Владимир Солоцинскиј, амбасадорот на Франција, Бернар Валеро, амбасадорот на Народна Република Кина, Донг Чунгфенг, амбасадорот на Република Турција, Арслан Хакан Окчал, амбасадорот на Шпанија, Хосе Мануел Пас Агуерас и амбасадорот на Република Унгарија во нашата земја, Ференц Кекеши.

На официјалните средби, градоначалникот Трајановски и амбасадорите разговараа за работата на градската администрација, за искуствата од процесот на децентрализацијата, за зајакнувањето на локалниот економски развој, за интензивирањето на соработката на полето на инвестициите, како и за заштитата на животната средина.

На средбите кои се одржаа во кабинетот на градоначалникот Трајановски беше потврдена заложбата за понатамошна успешна соработка на Град Скопје со странските амбасади, како и со збратимените градови со Скопје.

Градоначалникот Трајановски оствари средби и со шефот на мисијата на ОБСЕ во нашата земја, Хозе Луис Хереро, советничката на евроамбасадорот Ерван Фуере, Петра Андерсон и со директорот на НДИ, Крис Херншо.


шефот на мисијата на ОБСЕ, **Хозе Луис Херено**


амбасадорот на Народна Република Кина, **Донг Чунгфенг**


амбасадорката на Кралството Холандија, **Симоне Филипини**

# ЛАВИРИНТ ОД ЖИВА ОГРАДА - НОВА АТРАКЦИЈА ВО ГРАДСКИОТ ПАРК



Лавиринт од жива ограда наменет за игра и забава за најмладите под името „Холандски парк" минатиот месец беше свечено отворен во Градскиот парк. Отворањето на „Холандскиот парк" беше во рамките на одбележувањето на Денот на Кралицата, холандскиот национален празник кој традиционално го организира амбасадата на Кралството Холандија во нашата земја.

Одбележувањето на Денот на Кралицата почна со велосипедска парада која тргна од плоштадот „Македонија" и се возеше до Градскиот парк. Во паркот, пак, се случуваше голема забава на која пред собраните граѓани настапија децата од „Златно славејче" и повеќе естрадни ѕвезди. „Холандскиот парк" свечено го отворија градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, министерот за животна средина Неџати Јакупи и амбасадорката на Кралството Холандија во нашата земја, Симоне Филипини.

## ПОТПИШАНА СПОГОДБА ЗА СОРАБОТКА СО **СОЈУЗОТ НА ПЕНЗИОНЕРИ** НА ГРАД СКОПЈЕ

Градоначалникот Коце Трајановски на средба со раководството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Град Скопје потпиша Спогодба за соработка. Со спогодбата се конкретизираат прашања кои во наредниот период перманентно ќе се реализираат во интерес на оваа социјална група, но и во интерес на градот Скопје.

Претставниците на здруженијата ја истакнаа вербата дека со потпишувањето на спогодбата ќе им се помогне во сферата на решавањето на некои социјални, пензиско-инвалидски и права од здравственото осигурување. Беше побарана и поголема застапеност во телата на Град Скопје и на општините, кога се решава за прашања кои се важни за пензионерите.

Изразувајќи ја својата поддршка за работата на Сојузот, градоначалникот Трајановски, издаде налог до надлежните служби во Град Скопје, да изготват предлог на средства кои со ребалансот на Буџетот ќе бидат наменети за нивна подршка.



*Одбележан Денот на планетата Земја*

# ГОЛЕМА ЗЕЛЕНА ЗАБАВА ВО СЕЛОТО ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ

Стотици скопјани, од кои најмногу деца, се собраа на плоштадот „Македонија" во Скопје за да го прослават 22 април, Денот на планетата Земја. Во Селото за рециклирање кое беше поставено во средината на градскиот плоштад се случуваше вистинска зелена акција која ја поддржаа учениците од повеќе основни училишта од градов и од земјава. Децата собираа пластични шишиња и учеа за селектирањето и рециклирањето на пластичниот отпад.

Прославата на Денот на планетата Земја ја организираа Град Скопје, УСАИД, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за економија.

- Денеска се собравме за да го прославиме роденденот на планетата Земја. На овој ден се потсетуваме дека не ни е сеедно што и се случува на нашата планета, оти таа е нашата единствена опција. Пластиката во широка употреба е релативно кусо време, но пластичниот отпад стана голем проблем токму поради тоа што е неразградлив и му пркоси на времето. Мора да се нагласи дека отпадот не е ѓубре, туку по пат на селектирање и рециклирање тој може да се реупотреби како секундарна суровина. Градот Скопје веќе почна со проектот за селектирање на пластиката, а заложбите за правилно третирање на отпадот во нашиот град ќе продолжат и понатаму – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, пред присутните скопјани.

Градоначалникот Трајановски се потпиша и во Зелената книга што беше отворена на штандот на Град Скопје.

Амбасадорот на САД во нашата земја, Филип Рикер, од говорницата истакна дека на заштитата на животната средина треба да бидеме посветени секој ден, а не само на Денот на планетата Земја.

- Цврсто сум убеден дека здравата животна средина е најубавиот подарок што можеме да им го оставиме на нашите поколенија. Затоа, за сите нас животната средина треба да биде приоритет. Проектот за рециклирање пластика на УСАИД во Македонија се спроведува од 2005 година. САД преку агенцијата УСАИД и понатаму ќе поддржува проекти за заштита на средината во Македонија – нагласи амбасадорот Рикер.

И министерот за животна средина и просторно планирање Неџати Јакупи ја истакна важноста од постојаната грижа за животната средина.

- Ова е најзелениот ден. И во иднина силно ќе се залагаме и ќе работиме за продолжување и надградување на проектите за селектирање и рециклирање на отпадот во нашата земја – истакна Јакупи.



Штандови со информативен материјал на плоштадот „Македонија" поставија и јавните градски претпријатија, како и повеќе невладини организации кои ги запознаваа граѓаните со нивните активности на полето за заштитата на животната средина.

Зелената забава ја збогатија настапите на повеќе естрадни ѕвезди, како и Мандолинскиот оркестар, кловновите Биди и Бади, балетска група од „Сумнал", децата од „Супер ѕвезда" и други.

# АВТОМОБИЛИСТИЧКИТЕ АСОВИ УРИВАА **РЕКОРДИ НА ВОДНО**




Четириесетина домашни и странски возачи се натпреваруваа за „Наградата на Град Скопје“, традиционалната меѓународна ридско-брзинска трка во автомобилизам која на 11 мај се одржа на падините на Водно. Познатиот Фрањо Кунчер од Хрватска постави нов рекорд на патеката и до целта стигна за 1 минута и 47 секунди.

Стартот на трката го означи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски. Тој истакна дека е горд што ридско-брзинската трка по 6-ти пат е дел од календарот на Светската автомобилска федерација (ФИА) и што љубителите на овој спорт во нашиот град можат да уживаат во мајсториите на шампионите.




Автомобилската трка, која по 6-ти пат се возеше во календарот на ФИА е во организација на скопскиот клуб „Кастрол Примо Рејсинг“, а под покровителство на Градот Скопје. Во авто-трките на Водно учествуваа натпреварувачи од Македонија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Словачка, Унгарија и од Хрватска.

# СЕ ОДРЖА ДРЖАВНОТО ПРВЕНСТВО ВО **ПЛАНИНСКИ ВЕЛОСИПЕДИЗАМ**




На падините на парк-шумата „Гази Баба“ на 26 април се одржа државното првенство во планински велосипедизам, прво кое се возеше за официјални бодови во поединечна конкуренција. На државното првенство, учествуваа 40 натпреварувачи во четири категории, а меѓу учесниците беа и претставници од Амбасадата на Кралството Холандија и мисијата на КФОР.

Стартот на трката го означи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски кој го нагласи значењето на Рекреативниот Центар „Гази Баба“ за развој на спортот и за рекреација на граѓаните кои живееат во неговата околина, но и за граѓаните на градот Скопје.

- Град Скопје мултидисциплинарната патека во должина од 4,5 километри ја уреди минатата година во рамките на својата програма за уредување на локалитетот „Гази Баба“. Наша цел е да го промовираме велосипедизмот, особено кај помладите генерации, а истовремено да ги афирмираме позитивните вредности и грижата за животната средина - рече градоначалникот Трајановски.



*Градски симболи – Тумба Маџари*

# ДОМОТ НА **ГОЛЕМАТА МАЈКА**

Седум куќи и едно светилиште ги отвораат портите на најпознатата неолитска населба во скопско, Тумба Маџари. Локалитетот се наоѓа во населбата Ченто, ги чува тајните за почетоците на Скопје и сведочи за историја стара 7.000 години. На ова место е откриена и познатата теракотна претстава на Големата Мајка, фигурината која денес претставува симбол на градот Скопје.

Неолитската населба Тумба Маџари е откриена во 1962 година во текот на археолошки рекогносцирања за изградба на автопат. Денес тешко се забележува бидејќи две третини од нејзината површина се окупирани со куќи подигнати во доцните шеесети и седумдесети години на 20 век. Населбата Тумба лежи на плодно поле. Местоположбата е извонредно поволна. Од една страна ритчето обезбедува потребна безбедност пред се од евентуално покачување на водата на Катлановско езеро, а од друга страна се она што може да даде една ваква природна морфологија: дрво, пасишта, евентуален лов, а на падините свртени кон сонцето плодни ниви. На извесен начин, населбата има централна положба во скопската котлина. Тумба Маџари бил економски и пред се културен центар во микрокосмосот на неолитскиот човек од овој регион. Населбата има неправилна кружна форма со дијаметар од 220 метри и височина од 3 метри.

Првите археолошки истражувања се извршени 1978 година од Музејот на Македонија, под раководство на Воислав Санев. Отворени се три сонди. Резултатите покажале дека се работи за населба од неолит, со три фази на живеење. Животот тука се одвивал во континуитет во периодот меѓу 6.000 и 4.300 години на п.н.е. Населбата Тумба Маџари претставува протогено јадро на денешното Скопје.

Во истражувањата од 1981 година е откриена првата куќа, детерминирана како светилиште. Досега се откриени уште седум куќи, но само првата е објавена. Она што ги прави Тумба Маџари и оваа куќа познати, е за првпат откриената теракотна претстава на Големата Мајка. Импресивните димензии од 0,39 метри височина, класичната смирена поза на изникнување од куќата и воедно бдеењето над нејзиното огниште и мир, ја прави оваа теракотка ексклузивна. Таа ќе стане главната нишка што го поврзува духот на човекот од Азнабегово-вршничката културна група. Во Тумба Маџари од алатките се откриени тегови за вертикален разбој, биконусни тегови (макари) за рибарски мрежи, многу коскени спатули со стандардна форма, шила и игли. Кремената индустрија е застапена со разни кремени ножиња, секачи, камени авани и мелници.



Општината Гази Баба за време на мандатот на градоначалникот Коце Трајановски во соработка со Музејот на Македонија реализираше проект за уредување на овој археолошки локалитет, бидејќи тој долго време беше запуштен поради недостиг на финансиски средства. Беа изградени две куќи и помошни објекти наменети за посетители. Објектите беа градени со оригинален градежен материјал, во духот и стилот на архитектурата на младото камено време – неолитот. Покрај расчистувањето на локалитетот, општината Гази Баба ги финансираше изградбата на улицата, паркингот и оградувањето на просторот. Исто така, беа подготвени брошури и пропаганден материјал, со што овој локалитет е внесен во рамките на културните случувања во градот Скопје и во Македонија, како атрактивно културно туристичко место.

*На градската интернет-страница*

# РЕДОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИСУСТВОТО НА ПОЛЕН ВО ВОЗДУХОТ



На веб-страницата на Град Скопје, www.skopje.gov.mk, секоја среда во наредните 12 месеци ќе се објавуваат податоци за присуството и концентрацијата на најзначајните алергени видови полен во воздухот. Со едно кликање на објавениот линк скопјани ќе можат да прочитаат детална анализа за концентрациите на полен во воздухот од различни растенија, како и прогноза за концентрациите на полен за наредната недела. Оваа активност е дел од проектот "Намалување на преваленцијата на алергиите и следење на алергогени и инвазивни таксони во градот Скопје". Проектот е поддржан од Град Скопје, а е во реализација на невладината организација „Женска акција".

Алергиските заболувања денес претставуваат голем здравствен проблем во целиот свет, особено во големите урбани центри, а кај нас покажуваат растечка тенденција. Поленовите зрна кои се носители на алергогените својства, се предизвикувачи на поленозите, кои најчесто се манифестираат како алергиски ринитис, астма, коњуктивитис и уртикарија. Во Република Македонија преваленцијата на алергиските болести е проценета на 35,6 проценти. Се претпоставува дека овој процент е поголем, особено во периодите на поленовата сезона, кога месечната инциденца во записите на амбулантите е над 80 проценти.

Основната задача на овој проект е да се направи сериозен исчекор напред во здравствената политика, со тоа што ќе се следат и евалуираат податоци и информации и ќе се информира јавноста за присуството на полен во воздухот.

Проектот "Намалување на преваленцијата на алергиите и следење на алергогени и инвазивни таксони во градот Скопје" се спроведува во соработка и со граѓанската организација „ЕКГ", Советот на Европа, „Плимонт" и Институтот за медицина на трудот на Република Македонија.

Аеропалинолошките анализи кои ќе се објавуваат на интернет-страницата www.skopje.gov.mk ги изведува докторот на биолошки науки Снежана Милковска, единствен аеробиолог во Република Македонија.

*Збратимени градови - Љубљана*

# ПОРТАТА НА ЦЕНТРАЛНА ЕВРОПА КОН МЕДИТЕРАНОТ





Во потрага по портата на Централна Европа кон Медитеранот патот не води кон Љубљана, главниот и најголем град на Словенија. Во неа живеат околу 270.000 жители, но Љубљана ги поседува сите карактеристики на една метропола, притоа задржувајќи ја пријателската атмосфера карактеристична за помалите градови. Како град на зеленило, таа изобилува со паркови и зелени површини. Дом е на голем број музеи, театри и галерии, а во неа работи и еден од најстарите филхармониски оркестри во светот. Положбата на Љубљана е идеална појдовна точка за посета на бројните природни убавини низ Словенија. Љубљана денес несомнено претставува град со висок квалитет на живот.

Словенечкиот главен град се наоѓа во централниот дел на државата, во таканаречената Љубљанска котлина, меѓу Алпите и Јадранското море, на реката Љубљаница приближно 10 километри од устието во Сава. Градот е поделен во неколку квартови, поранешни општини. Љубљана претставува политички, административен, економски, културен и научен центар на Словенија.

Постојат неколку историски интерпретации за изворот на името Љубљана. Според едни, изворот треба да се бара во зборот „љубљена“, други сметаат дека е во прашање старото божество Лабурус, трети пак тврдат дека зборот доаѓа од латинскиот израз за река која поплавува: алувиана, додека пак некои мислат дека доаѓа од германскиот Laibach – млечен поток. Симболот на градот е Љубљанскиот змеј.

Географската позиција на Љубљана, имајќи предвид дека таа се наоѓа на природниот премин наречен „Љубљанска порта“, кој водел од Централна Европа кон Медитеранот и кон Истокот преку која низ вековите минувале трговски патишта и бранови на миграција, како и влијанието од Германската, Словенската и Латинската култура на овој простор го одредуваат нејзиното богато културно-историско минато. Од времињата на првите населувања до денешен ден, транзитниот карактер на оваа област го стимулира константниот раст на економските и културните врски со другите градови и нации. Од тие причини, економијата на овој град речиси секогаш била хетерогена, овозможувајќи и брзо адаптирање на перманентно променливата светска економија.

Љубљана во себе го носи складот на целините, се преплетуваат старото и новото, традицијата и културното наследство и модерниот начин на живот, со почитување на взаемните вредности што на градот му дава посебен белег.

Љубљана е збратимена со 23 градови ширум светот, меѓу кои и со градот Скопје.



## ГРАД СКОПЈЕ

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**
КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ
тел: 32 97 204
gradonacalnik@skopje.gov.mk
барака број: 4

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
ИРЕНА МИШЕВА
тел: 32 97 207
irena.miseva@skopje.gov.mk
барака бр. 1

**СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ**
Раководител: КРСТЕ АНДОНОВСКИ
тел: 32 97 277
kandonovski@skopje.gov.mk
барака бр: 7

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ДАНОЦИ, ТАКСИ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ**
тел 32 97 280 –промет и подароци
тел 32 97 316-имот
тел 32 97 314-такси
danoci@skopje.gov.mk

**СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**
Раководител: АЉОША ШОПАР
тел: 32 97 282
Aljosa.Sopar@skopje.gov.mk
барака бр: 10а

**СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА**
РАКОВОДИТЕЛ: ЦВЕТАНКА ИКОНОМОВА-МАРТИНОВСКА
тел: 32 97 301
Cvetanka.Ikonomova@skopje.gov.mk
infoekologija@skopje.gov.mk
барака бр: 14

**ИНСПЕКТОРАТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
Раководител: ХАМЗИ ЏАФЕРИ
тел: 32 97 359
hamzidz@skopje.gov.mk
барака бр: 14

## ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**ЈП „ГРАДСКИ ПАРКИНГ**
Директор: ЉУПЧО ЈОВАНОВ
jovanovlj@gradskiparkig.com.mk
тел: 30 91 072 , 30 91 074
www.gradskiparking.com.mk
- Пајак служба
тел: 32 38 871

**ЈП „УЛИЦИ И ПАТИШТА“**
Директор: ИЛИЈА МАРТИНОВСКИ
тел: 31 62 317
www.jpuliciipatista.com.mk

**ЈСП „СКОПЈЕ“**
Директор: АЛЕКСАНДАР БОШКОВИЌ
aboskovic@jsp.com.mk
тел: 31 74 265
www.jsp.com.mk

- Диспечерски центар
тел: 31 73 224

**ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“**
Директор: ЗЛАТКО ДИМОВСКИ
тел: 32 20 827
www.khigiena.com.mk

**ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“**
Директор: ДУШАН АВИРОВИЌ
тел: 30 70 112

**ЈП „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“**
Директор: ИГОР АРНАУДОВ
тел: 32 20 839
www.vodovod-skopje.com.mk

-РЕОНИ ЗА НАПЛАТА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА

**Реон 1 Центар**
наплата тел: 31 17 753
reoncentar@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 32 38 992
одржување канализациска мрежа
тел: 31 37 123

**Реон 2 Кисела Вода**
наплата тел: 31 16 987
reonkiselavoda@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 27 82 609
одржување канализациска мрежа
тел: 27 91 566

**Реон 3 Карпош**
наплата тел: 31 18 581
reonkarpos@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 30 76 407
одржување канализациска мрежа
тел: 30 62 174

**Реон 4 Чаир**
наплата тел: 31 17 673
reoncair@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 26 71 888
одржување канализациска мрежа
тел: 26 71 999

**Реон 5 Гази Баба**
наплата тел: 31 16 889
reongazibaba@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 31 74 524
одржување канализациска мрежа
тел: 31 74 524

## ГРАДСКИ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ

БИБЛИОТЕКА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
31 62-544
КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР
31 15-238
ДОМ НА КУЛТУРА „КОЧО РАЦИН“
31 63-739
МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР
31 15 508
МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
31 15-367; 31 13-609
УНИВЕРЗАЛНА САЛА - СКОПЈЕ 3245615
ЗООЛОШКА ГРАДИНА 32 20-578
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР “КАРПОШ“
31 16 159

## ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНИ

- Противпожарна служба 193
- Центар за управување со кризи 195
- Електро-Скопје 02 31 61 454
- Водовод и канализација 02 30 73 010
- Комунална хигиена 02 32 24 961
- Топлификација 02 30 76 200
- ЈСП „Скопје“ возен ред 02 31 73 224
- Стационар Вардариште 075 50 60 90
- Ургентен центар 02 31 47 147
- Градска болница 02 31 30 311
- Дежурна аптека „Зегин“ 02 32 98 504
- Аеродром „Александар Велики“ 02 31 48 333; 02 31 48 336
- Меѓуградска автобуска станица 02 24 66 011; 02 24 66 313
- Железничка станица 02 31 64 255
- Матична служба - ГУВР 31 17 037; 31 17 766
- Сала за венчавање 31 18 250
- Републички пазарен инспекторат 975
- СОС - кризни состојби на деца и млади 0800 12 222; 31 36 400
- СОС - за жени и деца жртви на насилство 97 00
- СОС - информации и превенција од трговија со луѓе 0800 11 111; 31 73 424
- Градски кина-Скопје 31 37 377
- Кино Рамстор 32 90 153
- Милениум 31 20 389
- Драмски театар 30 63 388
- Детски театарски центар 32 90 111
- Македонска опера и балет-МОБ 31 14 511
- Национална галерија на Македонија-Мала станица 31 26 856

## СКОПСКИ ОПШТИНИ

- Општина **Центар** 3203 680
- Општина **Кисела Вода** 2785 400
- Општина **Аеродром** 2400 970
- Општина **Карпош** 3061 507
- Општина **Гази Баба** 3226 655
- Општина **Чаир** 2616 865
- Општина **Бутел** 2616 868
- Општина **Шуто Оризари** 2650 584
- Општина **Ѓорче Петров** 2039 307
- Општина **Сарај** 2050 289


Град Скопје
I ♥ Skopje
ONE WAY
БАСКЕРФЕСТ
СКОПЈЕ 2009
29 МАЈ -9 ЈУНИ


ДЕНОВИ НА
ЈУСТИНИЈАН I
11-24 мај`09


skopje jazz festival presents
EUROPEAN FORUM of WORLDWIDE MUSIC FESTIVALS
OFFest 2009
Универзална сала 28 МАЈ
MEXICO LILA DOWNS
Универзална сала 30 МАЈ
CROATIA/FRANCE RUNDEK CARGO TRIO
ARGENTINA MELINGO
МОБ 02 ЈУНИ
MK LJUBOJNA
MK PROJECT ZLUST
МОБ 04 ЈУНИ
TURKEY ORIENT EXPRESSIONS
TURKEY BABA ZULA
Универзална сала 10 ЈУЛИ
USA PATTI SMITH
AND HER BAND
ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ
29 МАЈ Кинотека на Македонија PATTI SMITH: DREAM OF LIFE
3 ЈУНИ Кинотека на Македонија CROSSING THE BRIDGE: THE SOUND OF ISTANBUL
www.offest.com.mk
Град Скопје
GOETHE-INSTITUT
Канцеларија за врски Скопје
DHL
Медиумски спонзори: КАНАЛ 5, ТЕЛМА, АЛФА, АЛСАТ, К-15, АНТЕНА 5, КАНАЛ 103, РАДИО РАВЕЛ,
ДНЕВНИК, УТРИНСКИ ВЕСНИК, ВЕСТ, ГЛОБУС, ТЕА МОДЕРНА, ФОРУМ, КАПИТАЛ.
Kliping
БИЛЕТИ ВО ПРОДАЖБА ВО: ЈУГОТОН, ЧУВ ДЕ ЧУВ, УНИВЕРЗАЛНА САЛА